Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

## Извадок од дневните настани 18.03.2018

На 17.03.2018 година во 12,50 часот во Скопје, на крстосницата од улиците "Смилевска" и "Жеденска" патничко моторно возило "Мерцедес" со скопски регистерски таблици управувано од Л.Ј.(25) од Скопје удрило во пешаците Т.К.(79) и Р.А.(82), двете од Скопје. Т.К. со возило била пренесена во Градската општа болница "8-ми Септември" каде што од страна на лекар и биле констатирани тешки телесни повреди, а потоа била пратена во Градската општа болница "Свети Наум Охридски" каде била задржана на понатамошно лекување. Од страна на увидна екипа од Секторот за внатрешни работи Скопје бил извршен увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 17.03.2018 година во 17,50 часот на локален пат во с.Беловиште-гостиварско, 17-годишен малолетник од с.Чајле додека управувал четирицикл "Шинерај 250 АТВ" изгубил контрола и удрил во ѕид од куќа сопственост на А.А.. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди (фрактура на рака и повреди на главата) и со возило на Итната медицинска помош бил пренесен во комплексот клиники "Мајка Тереза". Со телесни повреди се здобил и сопатникот Р.М.(18) од с.Чајле, кој бил пренесен во Ургентниот центар во Гостивар. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Гостивар и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 18.03.2018 година во 01,45 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје Ф.Н.(21) пријавил дека истиот ден околу 00,20 часот на улицата "Народен фронт" на паркингот кај Трговскиот центар "Беверли Хилс" од страна на повеќе лица физички бил нападнат при што бил удиран со клоци и тупаници во пределот на целото тело. На Ф.Н. му била укажана лекарска помош во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 17.03.2018 година во 17,10 часот В.Н.(48) во Полициската станица Карпош пријавил дека истиот ден околу 15,00 часот, додека се движел по улицата "Орце Николов" бил нападнат од куче-скитник кое го каснало за левата подколеница и за десната рака.

На 17.03.2018 година околу 12,00 часот С.М. телефонски во Полициската станица Крушево пријавил дека на место викано „Кипрово" забележал пожар во кој била зафатена околу два хектари нискостеблеста борова шума, смрека и папрат. Во 14,00 часот од екипа на Територијалната противпожарна единица Крушево пожарот бил локализиран.

На 17.03.2018 година околу 18,00 часот Ј.Ќ. (39) во Полициската станица Делчево, пријавила дека кај с.Трaботивиште од засега непознати причини избувнал пожар покрај регионалниот пат, при што била зафатена нискостеблеста шума. Во 18,20 часот од екипа на Територијалната противпожарна единица Делчево пожарот бил локализиран.

На 17.03.2018 година околу 19,30 часот било пријавено дека во Кичево на локалниот пат кон с.Папрадиште В.Ш.(22) од с.Попојани, управувајќи трактор со приколка во која било лицето Н.Ш. (41) изгубил контрола над истиот и се превртел, по што Н.Ш. скокнал од приколката, а В.Ш. бил нагмечен од тракторот и починал на самото место. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Кичево. Со согласност на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на семејството за погреб.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Т.Ш. (36) и против Д.О. (62), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 17.02.2018 година во ресторан во Струга, пријавените по вербална расправија физички ги нападнале лицата Д.К. (29) и Т.П. (38), кои се здобиле со тешки телесни повреди.

На 17.03.2018 година околу 19,20 часот во Секторот за внатрешни работи-Скопје било пријавено дека на булеварот „Партизански одреди" кај Трговскиот центар "Антико" во аптека, непознато маскирано лице со закана со нож одзело сума на пари од околу 15.000 денари. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 17.03.2018 година во 18.00 часот Ф.К.(32) во Полициската станица Карпош пријавил дека на 15.03.2018 година додека неговата 11- годишна ќерка била на час во основно училиште при обид од страна на наставничката да го отвори прозорецот од училницата, истиот се откачил и паднал врз неговата ќерка, која седела до прозорецот и притоа ја удрил во левото рамо. По завршувањето на часовите, кога дошла дома се пожалила на болки во левото рамо и по прегледот во Градската општа болница "8-ми Септември" констатирано и била скршеница на коска на рамото.

Секторот за внатрешни работи Тетово поднесе кривична пријава против М.Ј. (68) и Д.С.(28), двајцата од село Старо Село-општина Јегуновце, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено држење на оружје или распрскувачки материјали". На 10.04.2017 година околу 02,00 часот во угостителски објект без фирма во село Копанце-тетовско, сопственост на С.Т., пријавените под дејство на алкохол, претставувајќи се како инспектори на УБК Скопје, се обиделе да ги легитимираат гостите во објектот, по што извадиле огнено оружје. По интервенција на полициски службеници, при извршен преглед кај првопријавениот бил пронајден револвер марка "Застава" и шест куршуми, а кај второпријавениот пиштол марка "Маусер" со празна рамка и осум испукани чаури калибар 9 милиметри.

На 18.03.2018 година во 01,25 часот М.К.(32) во Полициската станица Гази Баба пријавил дека истиот ден околу 22,00 часот на улицата "Благоја Стефковски" бил нападнат од неколку кучиња-скитници при што едно од нив му нанело повреди на десната подлактица и десната надлактица.

На 18.03.2018 година во 08,00 час во Полициската станица Прилеп Ф.П.А.(28) пријавил дека истиот ден околу 03,00 часот додека бил во ноќен клуб непознато лице се доближило до него и го удрило со рака во пределот на лицето, при што од ударот пријавителот паднал на подот. Потоа дошле повеќе лица кои физички го нападнале и го удирале со клоци во пределот на целото тело, а некои од лицата користеле и стаклени шишиња. На Ф.П.А. во градската болница во Прилеп му биле констатирани тешки телесни повреди. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 17.03.2018 година околу 04,00 часот во Секторот за внатрешни работи Скопје било пријавено дека на булеварот „Јане Сандански" во Трговскиот центар "Три Бисери", пред угостителски објект, Д.Ј. (31) и В.Ѓ. (27) од Скопје, физички биле нападнати од страна на С.С.(23) и уште три непознати лица. Двајца полициски службеници, кои минувале во тоа време во близината се обиделе, откако се легитимирале со службени легитимации, да го спречат нарушувањето на јавниот ред и мир. Но С.С. со тупаница удрил еден од полициските службеници во пределот на лицето, по што му било возвратено и тој заедно со другите лица кои биле со него влегле во возило и го напуштиле местото на настанот. Додека полициските службеници му пружале помош на едно од нападнатите лица дошол Б.С. (50) (татко на С.С.) и физички ги нападнал полициските службеници. Од страна на екипа на Итната медицинска помош им била укажала лекарска помош на повредените, по што Д.Ј. бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" каде му биле констатирани телесни повреди. Телесни повреди во Градската општа болница "Свети Наум Охридски" му се констатирани и на еден од полициските службеници кој бил задржан на лекување. За настанот е запознат и Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, како и дежурен Јавен обвинител, по чии што насоки се работи на целосно расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет